**Никола Д. Сарајлија – Македонски**

# СИМФОНИЈА ОД БОИ

*Со љубов на Ели –*
*жената што ми подари*
*два сина*

Никола Д. Сарајлија – Македонски
*Симфонија од бои*

Издавач:
НУЦК *Антон Панов* – Струмица

За издавачот:
Ванчо Ристов – Патриков, в.д. директор

Уредник:
Ацо Гогов

Рецензент:
д-р Марина Мијаковска

Лектор:
д-р Лилјана Пандева

Графичко и ликовно обликување:
Никола Новески

Печати:
*Ириспринт* – Струга

Тираж:
500 примероци

**Никола Д. Сарајлија – Македонски**

# СИМФОНИЈА ОД БОИ

**НУЦК *Антон Панов***
**Струмица, 2019**

# *„СИМФОНИЈА ОД БОИ“ ВРЗ ПЛАТНО ОД ТРИСТИСИ*

Никола Д. Сарајлија – Македонски на македонската книжевна сцена е познат како хаику мајстор што во континуитет се посветува на најпознатиот јапонски книжевен жанр. Овој автор повторно нѐ изненадува со новата книга со хаику поезија насловена како „Симфонија од бои“ (2019). Низ страниците можеме да забележиме вкупно триесет и две хаикуа во кои Сарајлија ги разлева течните бои на мигновеното постоење и лапидарноста на креативниот здив што го создава тристихот во одреден временски интервал и ги следи промените на временските циклуси. Хаикуто има кодирана вертикална форма позната како 5/7/5, тематска зацврстеност околу оската на  природните појави и стилски конвенции што овој јапонски жанр го прават уникатен и посебен. Хаику творците пишуваат за ситни нешта од природата, опкружувањето и околината, а во секое хаику треба да се вметне по еден збор (киго) што ја изразува сезоната (пролет, лето, есен и зима).

Хаику поезијата од оваа книга е распределена во четири тематски циклуси

насловени како: *Сино небо*, *Жолто сонце*, *Црвена месечина* и *Бела ноќ*. Во секој од циклусите не случајно има по осум хаикуа, а бројот осум во нумерологијата означува хармонија и бесконечност. Не случајно Сарајлија преку практикувањето на овој вид поезија, стегната и куса по форма, всушност трага кон хармонијата и бесконечноста на мигот. Авторот става акцент врз боите од природата и питорескните што ги засилува преку присуството и играта на сината боја, жолтата, црвената и црно-белата боја. Низ будното око на набљудувачот и истражувачот на промените во природата може да се забележат поетски слики со синестезија од бои, звуци, мириси и вкусови. Во првиот циклус *Сино небо* низ бојата на синилото се разлеваат медитативните амбиентални слики на пролетта. Тоа може да се забележи од следново хаику:

*пролетна вечер*
*жабите раскрекани*
*ѕвездено небо*

Во вториот циклус *Жолто сонце* доминира жолтата боја преку која се згуснуваат

и се засилуваат сликите од есента и жолтите лисја, но и златните житни дни на летото и летната жега. Тоа може да се забележи од следново хаику:

*врели воздишки*
*езерски бранувања*
*ех, јули, јули*

Во третиот циклус *Црвена месечина* низ црвената боја се создаваат огнени поетски слики во кои се забележани глетките од природата за време на летните горештини. Такво е следново хаику:

*вода сред бескрај*
*бранува и скротува*
*здивот на ветрот*

Во четвртиот циклус *Бела ноќ,* низ оксиморонската оска на црно-белата боја се отсликува ноќта и снежниот зимски амбиент на стопената глетка на бесконечноста, тишината и испразнетоста на просторот. Маркантно е следново хаику:

*призрачно небо*
*земјата побелена*
*тивка зимска ноќ*

„Симфонија од бои“ на Никола Д. Сарајлија – Македонски е книга што не е голема по обем, но е голема по импресивните поетски тристиси со кои се стопуваат глетките од природата и боите од пролетта, летото, есента и зимата. Сарајлија пишува хаику на кое му дава своја лична перцепција, стилска изразност и звучна интонација. Тој се задржува до традиционалната хаику форма, но ѝ дава посебен колорит и лична визура. На авторот му посакувам уште многу успешни и возвишени хаику соѕвездија.

***д-р Марина Мијаковска***

## *Сино небо*

снежна девојка
извишува над ридот
пролетно сонце

бела невеста
во дворот на дедо ми
пак дојде пролет

птици на пенџер
катаутро ми пеат
запролетува

црвен хибискус
стреми кон сино небе
низ прозорецот

мартовски изгрев
милува цвеќе рано
росата сјае

цвет во погледот
пеперутка на патот
ох, орхидеја

љубов и вино
југното сонце дрочи
цветна насмевка

пролетна вечер
жабите раскрекани
ѕвездено небо

# *Жолто сонце*

поројни дождој
измиени предели
ѕуница сјае

шумска патека
цветови под сонцето
вдиши длабоко

сончево око
жедно голта водоскок
летна насмевка

седам во паркот
листајќи нова книга
мислата шета

црвено вино
мирува во шишето
реката ита

врели воздишки
езерски бранувања
ех, јули, јули

весели звуци
ветрето тивко носи
во летни ноќи

спомени красни
на едно лето, море
и едни очи

# *Црвена месечина*

есенско сонце
огреало над ридот
градот се буди

чекор врз чекор
потокот се тркала
патник во шума

дамнешен спомен
далечините кријат
запрено време

вода сред бескрај
бранува и скротува
здивот на ветрот

шарени сенки
пејзажите ги бојат
волшебен самрак

ах, лубеница
жолта на ридот лежи
есенска вечер

ѕвездено небо
две жарчиња во мракот
пламен во очи

декемвриска ноќ
проблесок некој чуден
сонцето грејна

## *Бела ноќ*

призрачно небо
земјата побелена
тивка зимска ноќ

градот заснежен
тумби без лизганици
џагорот стивнал

мразулец в рака
откинат од стреата
солендар вкусен

цветчиња жолти
пламнале под небеса
воздишки зимски

траги во снегот
оградата ги дели
мачки во дворот

врапче на гранка
џивка над снегот гладно
мачка под дрво

кучка и кутре
заитани некаде
угоре низ снег

сакатиот пес
затрчан на три нозе
кучка пред него

## Содржина

„Симфонија од бои“ врз платно од тристиси / д-р Марина Мијаковска ........... 5
Сино небо ................................................. 9
Жолто сонце ............................................19
Црвена месечина ......................................29
Бела ноќ ................................................... 39

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3-193

САРАЈЛИЈА-Македонски, Никола Д.
Симфонија од бои / Никола Д. Сарајлија-Македонски. - Струмица :
Центар за култура “Антон Панов”, 2019. - 48 стр. ; 18 см

ISBN 978-608-66227-6-3

COBISS.MK-ID 111581450